РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Бр. 0901-561/25
23.04.2014 год.
ШТИП

Врз основа на член 57 од Законот за високото образование („Службен весник на Р. Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13 и 41/14) и член 217 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 9/2009), Ректорската управа на 102-та седница, одржана на ден 22.04.2014 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за усвојување на Листа на наставници за реализирани активности за користење на флексибилно работно време – ФРВ

### Член 1

Се усвојува Листа на наставници за реализирани активности за користење на флексибилно работно време – ФРВ за 2014 година.

### Член 2

На првите 10 (десет) лица рангирани на листата, да им се исплати парична награда во нето износ во висина од една просечна плата во месец јануари во Р. Македонија.

### Член 3

На првите 20 (дваесет) лица рангирани на листата, им се дава право на користење на парични средства во висина од 50.000,00 денари, кои ќе послужат за покривање на трошоците за учество на семинари, конгреси, набавка на опрема, литература и сл. за потребите на научно – истражувачката работа.

### Член 4

Составен дел на оваа одлука е Листата од член 1 на оваа одлука.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
Ректор,
Проф. д-р Саша Митрев

Изработил: референт во секретаријатот,
Кристина Ѓорѓиевска

Одобрил: генерален секретар,
м-р Ристо Костуранов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Бр. 0901-745/7
16 06 2014 год.
ШТИП

Врз основа на член 57 од Законот за високото образование („Службен весник на Р. Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13 и 41/14) и член 217 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 9/2009), **Ректорската управа** на 104-та седница, одржана на ден 16.06.2014 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за изменување на Одлуката за усвојување на Листа на наставници за реализирани активности за користење на Флексибилно работно време – ФРВ

### Член 1

Се изменува Одлуката бр. 0701-562/27 од 23.04.2014 година, за усвојување на Листа на наставници за реализирани активности за користење на Флексибилно работно време – ФРВ, донесена на 93-та седница на Универзитетскиот сенат.

### Член 2

Во Листата од член 1 на оваа одлука, се врши изменување во колоната за реализирана активност кај проф. д-р Орце Спасовски, под ред бр. 158, каде наместо 2 поени, треба да стои 16 поени.

### Член 3

Составен дел на оваа одлука е одлуката од член 1 на оваа одлука.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
Ректор,
Проф. д-р Саша Митрев

**Изработил:** референт во секретаријатот,
м-р Кристина Ѓорѓиевска

**Одобрил:** генерален секретар,
м-р Ристо Костуранов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Бр. 0701-562/27
23 04 2014 год.
ШТИП

Врз основа на член 52 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13 и 41/14), Универзитетскиот сенат на својата 93-та седница, одржана на 22.04.2014 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за усвојување на Листа на наставници за реализирани активности за користење на флексибилно работно време – ФРВ

### Член 1

Се усвојува Листа на наставници за реализирани активности за користење на флексибилно работно време – ФРВ за 2014 година.

### Член 2

На првите 10 (десет) лица рангирани на листата, да им се исплати парична награда во нето износ во висина од една просечна плата во месец јануари во Р. Македонија.

### Член 3

На првите 20 (дваесет) лица рангирани на листата, им се дава право на користење на парични средства во висина од 50.000,00 денари, кои ќе послужат за покривање на трошоците за учество на семинари, конгреси, набавка на опрема, литература и сл. за потребите на научно – истражувачката работа.

### Член 4

Составен дел на оваа одлука е Листата од член 1 на оваа одлука.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Универзитетски сенат
Ректор,
Проф. д-р Саша Митрев

**Изработил:** референт во секретаријатот
Кристина Ѓорѓиевска

**Одобрил:** Генерален секретар
м-р Ристо Костуранов